Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 и член 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11,28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден __.05.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од**
**ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата од давателите на донација ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес

Донацијата се состои од:

Проектна документација за потребите на Општина Велес за подобрување на инфраструктурниот развој во рамки на Блок 40-ДУП за Индустриска зона-Локалитет 1,односно изработка и отстапување на проектна документација за:

-Новопроектирана улица 2
-Новопроектирана улица 3

**Член 2**

Проектната документација е изработена согласно понуда од ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО Скопје и истата е поделена во два дела и тоа:

1.Дел 1–Градежна фаза со вкупен износ за изработка на проекти од 141.600,00 денари со вклучен ДДВ и

2.Дел 2-Фази:

Водоводна мрежа
Фекална каализација
Атмосферска канализација
Електротехника
Ревизија на сите фази

со вкупен износ за изработка на проекти од 257.830,00 денари со вклучен ДДВ.

Вкупната вредност на донацијата изнесува 399.430,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател и ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес како даватели на донацијата, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес доставено е Барање до Општина Велес со арх.бр.09-2503/1 од 21.05.2026 година за донација на проектна документација за подобрување на инфраструктурниот развој во рамки на Блок 40-ДУП за Индустриска зона-Локалитет 1.

Со прифаќање на оваа донација ќе се придонесе кон уредување и развој на овој дел од градот.

По донесувањето на оваа Одлука, од страна на Градоначалникот како примател на донацијата и ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП и ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес како даватели на донацијата ќе биде склучен договор согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

...штво за градежништво, трговија и услуги
ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0302/28
21.05. 2026 год.
ВЕЛЕС

ДО: **Општина Велес, до** **претседател на Совет**

Предмет: **Барање за прифаќање на донација на проектна документација**

Почитувани,

Со ова барање, инвеститорите **ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП** и **ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ** изразуваат подготвеност за донација на проектна документација за потребите на Општина Велес, а во насока на подобрување на инфраструктурниот развој во рамки на Блок 40 – ДУП за Индустриска зона – Локалитет 1.

Донацијата се однесува на изработка и отстапување на проектна документација за:

- Новопроектирана улица 2
- Новопроектирана улица 3

09-2503/1 1

Проектната документација е изработена согласно понуда од ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО Скопје и истата е поделена во два дела, и тоа:

1. Дел 1 – Градежна фаза

во вкупен износ за изработка на проектите од **141.600,00 денари со вклучен ДДВ.**

Со вкупна цена за изведба по проектански цени од **22.251.567,00 денари**

2. Дел 2 – Фази:

- Водоводна мрежа,
- Фекална канализација,
- Атмосферска канализација,
- Електротехника,
- Ревизија на сите фази,

во вкупен износ за изработка на проектите од **257.830,00 денари со вклучен ДДВ.**

Вкупната вредност на донацијата изнесува **399.430,00 денари со вклучен ДДВ**.

Со оваа донација се овозможува подготовка на техничка документација неопходна за понатамошна реализација на инфраструктурните зафати во предметниот опфат, со што директно ќе се придонесе кон уредување и развој на дел градот.

Ве молиме Општина Велес да ја разгледа можноста за прифаќање на наведената донација и спроведување на понатамошна постапка согласно законските прописи.

Со почит,

ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП ДООЕЛ
ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ

Дата: 21.05.2026
Место: Велес

ДЕМАТЕЛИ ИНВЕСТ ГРУП ДООЕЛ Велес
ДЕМАТЕЛИ АРХИТЕКТС ДООЕЛ Велес